**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр.** 02-534/8
**Скопје,** 03 . 06 . **2020 година**

**ИЗВЕШТАЈ**
од **четиринаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ
одржана на ден **03.06.2020 година**
преку платформата Zoom

На **четиринаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа сите членови**. На седницата присуствуваше и претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузовски.**

Седницата започна во **13.30 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Мирлинд Селими, со читање на предлог-дневниот ред.

Предложениот дневен ред беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на ИО на СКМ;**
2. **Разгледување на анализите направени за реално зголемени трошоци при работење на стоматолошки ординации во време на пандемијата со вирусот КОВИД 19;**
3. **Информација за тековни активности на Комората, по добиената соласност од страна на министерот за здравство за Правилникот за стручен испит и рагледување и усвојување на Прирачникот и прашањата за правниот дел од стручниот испит и Трошковникот за полагање на стручниот испит за докторите на стоматологија;**
4. **Информација за донесени одлуки на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората за понатамошниот тек на КСУ за 2020 година и разгледување на предложените измени на Правилник за КСУ;**
5. **Разгледување на иницијатива за учество во анкетирање на СЗО поврзано со КОВИД 19;**
6. **Разно.**

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**1. Разгледување и усвојување на записникот од 13-та седница на Извршниот одбор одржана на ден 18.04.2020 година;**

По однос на записникот од претходната седница на Извршниот одбор, истиот беше едногласно усвоен, без измени и дополнувања.

**2. Разгледување на анализите направени за реално зголемени трошоци при работење на стоматолошки ординации во време на пандемијата со вирусот КОВИД 19**

По однос на оваа точка, д-р Селими му даде збор на Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Маријан Денковски, кој ги информираше членовите на Извршниот одбор дека Комисијата за економски прашања на Стоматолошката комора на Македонија, по одржаниот состанок, направила пресметка за дополнителни трошоци за користење на дополнителна заштитна опрема и средства по пациент, согласно протоколите за работа во време на пандемијата со вирусот COVID-19. Според пресметките направени од Комисијата, дополнителните трошоци се движат во просек по 380,00 денари по пациент. Понатаму , Др Селими даде збор и на двајцата негови заменици , Др Чемерска Попова и Др Стојанов кои исто така беа задолжени и имаа изготвено анализа на дополнителни трошоци и кои истите анализи ги образложија пред членовите на одборот. По нивните излагања се отвори дискусија во која учество земаа сите присутни и секој даде свое видување на проблемот и секој даде и свои размислувања за можни решенија.

По дискусијата ИО заклучи дка:

-сите анализи покажуваат дека секоја ординација во услови на пандемија со КОВИД 19 , а и во работа уште долго време ќе имаат потреба од дополнителни трошоци

-дополнителните трошоци се појавуваат и при самото одржување на ординации, независно од тоа дали ќе има помалку или повеќе пациенти

-реалните дополнителни трошоци по пациент се смета дека се во висина од околу 5 евра

-потребно е да се изврши дополнителен притисок на ФЗО за побрзо решавање на барањето на комораt за покачување на капитацијата за 20 % и за покачување на партиципацијата за секој услуга за осигурениците, како и барање фондот да разгледа и прифати наплаќање на дополнителна сума ( т.н. „Ковид 19 додаток„) на пациентите која би се пресметувала над партиципацијата.

ИО задолжи тимот за комуникација со ФЗО во најскоро време да оствари средба со менаџментот на ФЗО.

**3. Информација за тековни активности на Комората, по добиената соласност од страна на министерот за здравство за Правилникот за стручен испит и рагледување и усвојување на Прирачникот и прашањата за правниот дел од стручниот испит и Трошковникот за полагање на стручниот испит за докторите на стоматологија**

Претседателот на Комората, д-р Денковски, ги информираше членовите на Извршниот одбор дека од страна на министерот за здравство, на ден 28.05.2020 година е донесено Решение за согласност на општ акт на Комората, односно се дава согласност на текстот на **Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата,** кој е донесен од страна на Собранието на комората, на ден 02.05.2020 година. Текстот на Правилникот е доставен до Службен весник за објава. По објавата на истиот во Службен весник, поради една од најбитните измени , а тоа е полагање и на правен дел кој до сега последни 8 години не се спроведуваше, до пријавените кандидати за полагање на стручен испит ќе биде доставен **Прирачник за полагање на правен дел од стручниот испит за доктори на стоматологија,** заедно со базата Прашања од правен дел од стручниот испит за доктори по стоматологија кој е изготвен од нововработениот правник во Комората Ана Ангелеска и усогласен со Сектор за правно нормативни работи на МЗ. По известувањето во врска со **Прирачник и прашања за правен дел на стручен испит** и кратка дискусија, **Прирачникот и прашањата за правниот дел од стручниот испит за доктори на стоматологија,** без забелешки за истите ИО заклучи дека се усвоени и дека треба новиот Прирачник за полагање на правен дел од стручниот испит за доктори на стоматологија да биде објавен и на веб-страната на Комората.

ОДЛУКА

1.Се усвојува Прирачникот за полагање на правниот дел од стручниот испит за доктори на стоматологија
2.Се усвојува база на прашања за полагање на правниот дел од стручниот испит за доктори на стоматологија
3.Одлуката стапува на сила веднаш

Друга битна измена во Правилникот е што сега доколку кандидатите не успеаат да положат и повеќе од четири пати нема да го губат правото да полагаат( со што всушност би го изгубиле правото на можноста на работење во државата без оглед на завршен факултет) туку ќе може да полагаат неограничено. Односно, согласно чл.19 од новиот Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, предвидено е кандидатот кој не го положил стручниот испит во целост (двата дела од испитот), да може повторно да го полага испитот се до истекот на рокот од една година по завршување на пробната работа. Доколку кандидатот не го положи стручниот испит во рок од една година од денот на завршувањето на пробната работа, повторно ја извршува пробната работа, не се ограничува бројот на полагање на стручниот испит.

Поради ова, а со цел сепак да се направи дистинкција помеѓу кандидатите кои полагаат, а и с цел да се мотивираат идните доктори на стоматологија да посветат поголемо внимание при совладување ма материјалот за полагање на стручниот испит, со цел успешно полагање на истиот, ИО разгледуваше неколку предлози во **Трошковникот за полагање на стручниот испит. По кратка дискусија ИО едногласно донесе одлука за измени во Трошковникот/Ценовникот на услуги на Стоматолошка комора ан Македонија по однос на трошоци за полагање на стручни испити.**

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Согласно чл.19 од новиот Правилник за **составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата,** кандидатот кој не го положил стручниот испит во целост (двата дела од испитот), може повторно да го полага испитот се до истекот на рокот од една година по завршување на пробната работа. Доколку кандидатот не го положи стручниот испит во рок од една година од денот на завршувањето на пробната работа, повторно ја извршува пробната работа.

**Ценовникот на услуги на Стоматолошка комора на Македонија**, во **точка 6** се дополнува со **нов став,** кој гласи:

"По повторното извршување на пробната работа, кандидатот ќе биде задолжен да ја плати цената за полагање на стручниот испит од точка 6 од Ценовникот, зголемена за 30% во однос на цената што ја платил при полагање на стручниот испит пред повторно извршување на пробната работа.

Зголемената цена за полагање на стручниот испит за 30% кандидатот се определува и кандидатот ја плаќа по секое повторно извршување на пробната работа.''

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**4. Информација за донесени одлуки на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората за понатамошниот тек на КСУ за 2020 година и разгледување на предложените измени на Правилник за КСУ**

**ИО беше информиран за ставовите и одлуките на Комисијата за стручни стоматолошки прашања,** на седницата одржана на ден 21.05.2020 година, донесе Одлука бр.17-480/3, со барање за измени на Правилникот, кои произлегуваат како потреба од работата во вонредни услови, односно потреба да се предвиди можност облиците на континуирано стручно усовршување, предвидени со годишниот план да може да се спроведуваат и на друг (нестандарден) начин, како што е видео-конференција, а истото да не се ограничува на само еднаш годишно при што ги задолжи организаторите на одложените настани да се усогласат за нови термини во кои мора да ги одржат настаните( на регуларен начин, во живо или преку видеоконференциска врска . Комисијата дозволи организаторите доколку сметаат дека нема погоден термин или не се сигурни во организирањето да ги одкажат настаните без последици за наредната година.

ИО по кратка дискусија ги поддржа бараните промени на Комисијата , и од страна на Др Ферати се предложи уште една дополнителна измена на Правилникот , и тоа во делот кој определува кој уште покрај доктори на наука може да е предавач за акредитирани симпозиуми. Предлогот беше дека покрај доктор на науки, поканетиот предавач да може да е и доктор на стоматологија, стручњак, кој има објавуван стручен/научен труд во списание кое е во цитатна база на списанија( на пр.Scopus, KoBSON, Mediline,PubMed,WoS и сл.), а се однесува на темата за која е поканет како предавач по повик. По ова ИО ги подржа предложените измените на Правилникот од страна на комисијата на кои се додаваат и предлозите од МСД и ја задолжи службата да се контактира правно нормативниот сектор во МЗ за понатамошни дејствија околу измените по што по завршување на консултациите во МЗ, измените на правилникот ќе се достават до

Собранието на комора за усвојување.

ОДЛУКА

1.Се усвојува предложениот текст на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на КСУ и бодовите на КСУ за обновување налиценцаза работа за здравствените рабоптници со високо образование од областа на стоматологијата.

2.Предложениот текст на Правилникот од член 1 ќе се достаио до претседателот на Собранието на СКМ согласно член 28, став 2, точка 7 од Статут на СКМ

3.Одлуката стапува на сила од денот на нејзино донесување.

**5. Разгледување на иницијатива за учество во анкетирање на СЗО поврзано со КОВИД 19;**

Од страна на членовите на Извршниот одбор, донесена е едногласна одлука, анкетата доставена од Светската здравстена организација да биде доставена на разгледување на седницата на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија за давање согласност, по што истата ќе се проследи до докторите на стоматологија, членови на Комората.

**6. Разно**

По однос на оваа точка, збор зеде претседателот на Комората, д-р Денковски кој ги информираше присутните за предлог за исплата на посмртнина и разгледување на барање за намалување на трошоци за полагање на испит.

Во продолжение на точката разно Др Денковски ги информираше членовите на ИО дека за утре , на 04.06.2020 година е закажан состанок на К4 група преку видео конференциска врска и на состанокот ќе се разговара и договара за понатамошна соработка, ќе се разменат искуства за работа во време на пандемија на КОВИД 19 , како и за К4 конгресот кој е предвиден во Скопје во октомври. По кратка дискусија ИО заклучи да се продолжи соработка и да се следи состојбата па тогаш дефинитивно да се одлучи за организацијата на К4 во Скопје , односно за начинот на одржување на К4, за можноста за негово одложување, одржување он-лајн или откажување на истиот и го задолжи Др Денковски да ги пренесе овие ставови на состанокот на К4.

По изцрпен дневен ред Др Селими го затвори состанокот.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *